КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## ОКТОМВРИ 2020




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229

## ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Зголемените ризици кои произлегуваат од зголемувањето на бројот на активни COVID 19 случаи, неизвесноста поврзана со претседателските избори во Соединатите Американски Држави и најавите за можна корекција на технолошките компании, доведоа до намалување на вредноста на глобалните пазари на капитал во текот на месец октомври за 2,50% (мерени преку MSCI ACWI индексот). Најголем пад во текот на месецот имаа европските акции чија вредност се намали за 5,19% (мерени преку STOXX 600 индексот) и акциите на американските компании со пад од 2,77% (мерени преку S&P 500 индексот). Во текот на месецот, акциите во земјите во развој ја зголемија својата вредност за 1,98%, а акциите во Азија-Пацифик регионот за 0,99% (мерени преку MSCI Emerging Market индексот).

Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаат американските акции чија вредност се зголеми за 1,21%, а најголем пад на вредноста имаат европските акции чија вредност се намали за 17,67% (мерени преку STOXX 600 индексот).




MSCI Asia - Pacific - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI Emerging Market - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
Извор: Блумберг

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk



# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот се намали за 1,26%, со што вкупниот пад од почеток на годината се намали на 4,74%.

Во текот на месецот акции кои имаа значителен раст беа акциите на НЛБ Банка со раст од 5,96%, а најголем пад имаа акциите на Македонија Турист со пад од 7,50% , Стопанска Банка Скопје со пад од 4,33% и Стопанска Банка Битола чија вредност се намали за 3,83%.

Од почеток на годината најголем пад на вредноста имаат акциите на Македонија Турист со пад од 34,28%, Макпетрол со пад од 11,37% и ТТК Банка со пад од 17,12%, а за истиот период најголем раст имаат акциите на НЛБ банка и Алкалоид кои ја зголемија вредноста за 8,29% и 3,17% соодветно.




Извор: Блумберг





# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Неизвесноста во економијата предизвикана од корона-вирусот, како и мерките кои беа превземени од централните банки доведе до голема волатилност на приносите и цените на државните обврзници.
Од почеток на годината значителна волатилност имаа македонските, руските, италијанските и американските државни обврзници. На крајот на месец септември највисок принос од анализираните обврзници имаа руската обврзница со принос од 2,39% и македонската обврзница со принос од 1,86%, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,63% и -0,53% соодветно.




* Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 01/18/2025
Извор: Блумберг



## ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец октомври најголем пад во однос на еврото имаа руската рубља (RUB) која ја намали вредноста во однос на еврото за дополнителни 1,82% и австралискиот долар (AUD) со пад од 1,24%, додека значителен раст имаа кинескиот јуан (CNY) со раст од 2,05% и јапонскиот јен (JPY) со раст од 1,42%.
Од почеток на годината најголем пад во однос на еврото имаат руската рубља (RUB) чија вредност се намали за 25,00% и британската фунта (GBP) со пад од 5,94%, а единствено швајцарски франк (CHF) ја зголеми вредноста за 1,60%.




Извор: Блумберг